Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 267, 15 декември 2020 година

декември 2020 година
Штип

## СОДРЖИНА

РЕЦЕНЗИЈА на докторската дисертација под наслов „Определување на природни периоди на градежни објекти преку мерење и процесирање на амбиентални вибрации“, изработена од м-р Мирјана Коцалева, пријавена на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ..... 3

РЕЦЕНЗИЈА на докторската дисертација „Дигитализација во хотелиерството: примена на big data во хотелското гостинско искуство” од м-р Цветанка Ристова, пријавена на Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 6

РЕЦЕНЗИЈА на ракописот „Практикум по британска литература 3 (19 век)” од професор д-р Ендру Гудспид, виш лектор д-р Наталија Поп Зариева и виш лектор м-р Крсте Илиев, Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ..... 11

ПРЕГЛЕД на наслови на теми за изработка на докторски трудови одобрени од наставно-научниот совет на докторски студии ..... 14

ПРЕГЛЕД на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ..... 15

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Уредник на издавачка продукција: проф. д-р Лилјана Колева Гудева
Главен и одговорен уредник: проф. д-р Блажо Боев
Уредници: проф. д-р Мишко Цидров, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска Атанасовска
Техничко уредување: Кире Зафиров
Печати: Печатница „2- Август“ - Штип
**ISSN: 1857- 8497**

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД НАСЛОВ**
**„ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПРИРОДНИ ПЕРИОДИ НА ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ ПРЕКУ МЕРЕЊЕ И ПРОЦЕСИРАЊЕ НА АМБИЕНТАЛНИ ВИБРАЦИИ“, ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р МИРЈАНА КОЦАЛЕВА, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука број 0206-566/5 од 23.11.2020 година донесена на 55. седница (електронска) на Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 2 (биотехнички науки, техничко-технолошки и природно-математички науки) при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, одржана на 23.11.2020 година, формирана е Комисија за оценка и одбрана на докторската дисертација со наслов „Определување на природни периоди на градежни објекти преку мерење и процесирање на амбиентални вибрации“, пријавена и изработена од кандидатката м-р Мирјана Коцалева, во состав:

- **д-р Билјана Златановска,** вонреден професор, претседател,
- **д-р Владо Гичев,** редовен професор, интерен ментор, член,
- **д-р Роман Голубовски,** вонреден професор, екстерен ментор, член,
- **д-р Сашо Коцески,** редовен професор, член и
- **д-р Наташа Стојковиќ,** вонреден професор, член.

Комисијата во наведениот состав, по прегледувањето на докторската дисертација, го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Анализа на трудот**

Докторската дисертација со наслов „Определување на природни периоди на градежни објекти преку мерење и процесирање на амбиентални вибрации“, пријавена и изработена од м-р Мирјана Коцалева, асистент-докторанд на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип е напишана на 108 страници, на А4 формат, со вкупно 53 слики и една табела.

Дисертацијата ги опфаќа следниве седум поглавја: Вовед, Опис на објектот и инструментот, Методологија, Резултати, Микротремори, Анализа на грешката на дискретизација и Заклучок.

Во понатамошниот тек од овој Извештај е даден краток осврт за секое поглавје од докторската дисертација.

Во првото поглавје Вовед се анализирани постоечки трудови од оваа област и се дефинирани целите на дисертацијата. Исто така е дадено кратко објаснување на основните поими како: Фуриева трансформација, трансфер функција, корелација, конволуција, шум, филтрирање, спектрална густина кои ќе се користат при процесот на анализирање и процесирање на амбиенталните вибрации. Претставен е накратко и процесот на аналитичко определување на сопствени вредности и сопствени вектори на еднодимензионален модел на објект.

Второто поглавје дава информации и детален опис на објектот на кој е вршено истражувањето. Опишани се локацијата, местоположбата на објектот, број на катови, фотографии од планот и од објектот). Исто така, даден е опис и спецификација на инструментите со кои се вршат мерењата на амбиенталните вибрации.

Третото поглавје ја опишува методологијата применета во истражувањето. Во овој дел се дефинира постапката за процесирање на податоците добиени од страна на инструментите и се кажува како се применува корелацијата, трансфер функцијата, конволуцијата и филтрите врз податоците. Се применува предложената методологија со цел подобро да се обработат податоците и да добиеме конкретни резултати.

Четвртото поглавје е посветено на резултатите добиени од мерењата спроведени во конкретен објект. Ова поглавје се состои од два дела со конкретни резултати, резултати од првиот дел добиени од мерење во две точки по триесет минути (пробни мерења за запознавање со инструментите и нивна калибрација) и резултатите од вториот дел – работни резултати, детално процесирани, со мерења во шеесет и осум различни точки по шеесет минути.

Петтото поглавје ги опишува микротреморите, нивното претставување преку брзината, филтрирањето во поширок и потесен фреквенциски опсег со помош на Ormsby филтер и анализа на средните вредности на амплитудите на брзината во однос на централната фреквенција во опсегот..

Во шестиот дел се истражува како нивото на дискретизација и должината на траење на мерењето на амбиентални вибрации влијае на точноста на резултатите. Се разгледуваат различни нивоа на дискретизација на синусна функција. Ова го правиме со споредување на решенијата за Фуриева трансформација, добиени аналитички и со рутина за брза Фуриева трансформација.

Поглавје седум ги сублимира заклучоците на истражувањата опфатени со оваа дисертација и дава насоки за понатамошен развој на предложениот метод, како и идеи за понатамошни истражувања.

Дополнително, докторската дисертација содржи **резиме** на македонски и на англиски јазик, дел за **користена литература** со литературни извори со слична проблематика и **прилог со листа на кратенки** кои се користат во текстот **и спецификација на инструментите** кои се користат за мерење на амбиенталните вибрации.

### Предмет на докторската дисертација

За оцена на повредливоста на постоечките и новопроектираните објекти потребно е да се знаат нивните природни периоди. Знаејќи ја локацијата на објектот и неговиот фундаментален (максимален) период, врз база на спектрални сеизмички мапи, може да се оцени степенот на неговото оштетување од сеизмички настани. Главната цел на ова истражување е да се дефинира соодветна методологија за наоѓање на природни фреквенции на објекти. Даден е детален опис на објектот на кој ги вршиме мерењата, како и на инструментот со кој ги вршиме тие мерења. Од извршените мерења, со процесирање на податоците ги добиваме првите неколку природни фреквенции (периоди) и нивните соодветни тонови форми. Знаејќи дека одговорот на стандардни објекти на надворешни динамички побуди е практично целосно содржан во првите три до четири тонови форми, може да се каже дека со првите неколку тонови форми имаме увид во однесувањето на објектот на динамички побуди. Освен овој главен предмет на дисертацијата, кандидатката истражува како микротреморите се менуваат по фреквенција. Исто така, во оваа дисертација е извршено истражување како резултатите зависат од грешката на дискретизација.

### Цели и нивна разработка

Целите на истражување во оваа докторска дисертација се:

- Развивање методологија и постапки за определување на природните фреквенции и нивните соодветни функции на обликот (модални форми) кај објект со многу нерегуларна тридимензионална геометрија.
- Испитување на амплитудите на брзината. Тоа го правиме заради контрола на мерењата добиени од инструментите. Кај вакви слаби побуди амплитудите на вибрациите може да дојдат под прагот на осетливост на инструментот.
- Оценка на грешки од дискретизација во пресметаните Фуриеви спектрални амплитуди и нивните ефекти, бидејќи тие влијаат на точноста на резултатите.

Овие цели се во целост завршени и се реализирани со извршените мерења и процесирањето на податоците.

**Научен придонес**

Придонесот во науката на докторската дисертација „Определување на природни периоди на градежни објекти преку мерење и процесирање на амбиентални вибрации“ од кандидатката м-р Мирјана Коцалева се состои во развој на методологија за изнаоѓање на природни фреквенции на објектите со мерење на амбиенталните вибрации со помош на само два инструмента - акцелерометри. Истовремено, со ова истражување кандидатката ги истражува амплитудите на брзините во референтната точка (микротреморите), како и грешката на дискретизација.

Докторската дисертација изработена под менторство на проф. д-р Владо Гичев, редовен професор на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, како интерен ментор и проф. д-р Роман Голубовски, вонреден професор на Институтот за информатика, ПМФ, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, како екстерен ментор е успешно завршена. Трудот е јасно напишан, на научно и стручно ниво, испитувањата и анализите се добро систематизирани, добиените резултати се презентирани на ефективен и концизен начин и добиени се конкретни заклучоци. Оваа докторска дисертација обработува актуелна тема и содржи податоци од истражувања и литература што се карактеризираат со висок степен на научна и апликативна вредност.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Комисијата за оценка и одбрана детално ја разгледа докторската дисертација со наслов „Определување на природни периоди на градежни објекти преку мерење и процесирање на амбиентални вибрации“, изработена од кандидатката м-р Мирјана Коцалева, асистент-докторанд на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип и донесе заклучок дека истата претставува оригинален, самостоен, прецизно дефиниран, јасно оформен научен труд со систематски разработена проблематика и оригинални научни истражувања и резултати. Докторската дисертација врз основа на содржината, обемот и постигнатото ниво на квалитет на научна работа ги задоволува и исполнува условите потребни за изработка на докторска дисертација.

Потврда за научната тежина на темата се и објавените оригинални научни трудови од дисертацијата во престижни меѓународни научни списанија (меѓу кои и Soil Dynamics and Earthquake Engineering (IF 2.637), Balkan Journal of Applied Mathematics and Informatics Journal, A Journal for Information Technology, Education Development and Teaching Methods of Technical and Natural Sciences).

Врз основа на претходно изнесеното, Комисијата има чест да му предложи на **Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 2 да ја прифати позитивната рецензија на докторската дисертација со наслов „Определување на природни периоди на градежни објекти преку мерење и процесирање на амбиентални вибрации“, изработена од асистент-докторанд м-р Мирјана Коцалева и да одобри јавна одбрана на истата.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Билјана Златановска,**
вонреден професор на Факултет за информатика, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, претседател, с.р.
**Д-р Владо Гичев,**
интерен ментор, редовен професор на Факултет за информатика, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, член, с.р.
**Д-р Роман Голубовски,**
вонреден професор на Институт за информатика, ПМФ, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, екстерен ментор, член, с.р.

**Д-р Сашо Коцески,**
редовен професор на Факултет за информатика, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, член, с.р.
**Д-р Наташа Стојковиќ,**
вонреден професор на Факултет за информатика, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, член, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ДИГИТАЛИЗАЦИЈА ВО ХОТЕЛИЕРСТВОТО: ПРИМЕНА НА BIG DATA ВО ХОТЕЛСКОТО ГОСТИНСКО ИСКУСТВО” ОД М-Р ЦВЕТАНКА РИСТОВА, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 4 при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип на својата 34. седница (електронска), одржана на 2.12.2020 год., донесе Одлука бр. 0206-579/2 од 2.12.2020 год. со која се формира Рецензентска комисија за оценка и одбрана на докторската дисертација со наслов **„Дигитализацијата во хотелиерството: Примена на big data во хотелското гостинско искуство“**, пријавена и изработена од кандидатката м-р Цветанка Ристова, магистер по меѓународен туризам, во состав:

- **д-р Дејан Методијески**, вонреден професор – претседател,
- **д-р Златко Јаковлев**, редовен професор – член,
- **д-р Тања Ангелкова-Петкова,** вонреден професор – член,
- **д-р Никола В. Димитров**, редовен професор – ментор и член,
- **д-р Милена Талеска**, вонреден професор – екстерен ментор и член.

Комисијата во наведениот состав, по прегледување на докторската дисертација, го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Структура на трудот**

Докторската дисертација „**Дигитализација во хотелиерството: Примена на big data во хотелското гостинско искуство“** на докторандот м-р Цветанка Ристова содржи 337 страници компјутерски обработен текст. Содржински дисертацијата има 6 теми (25 поттеми и 29 подзаглавија), односно:

– Кратка содржина:

*(наведени само главните теми)*

– Вовед

1. Дигитализација
2. Основи на big data
3. Big data во хотелиерството
4. Примена на big data во хотелското гостинско искуство
5. Подобрување на хотелско гостинско искуство од коментарите генерирани од гостите со big data
6. Методологија на истражување

– Заклучок

– Додаток

– Користена литература

Докторската дисертација е збогатена со 54 табели, 12 графикони и 16 слики, додаток од анкетен прашалник, инструменти за анализа и коментари и 392 библиографски единици на користена литература.

**Предмет и цели на истражувањето**

**Предмет на истражување** во докторската дисертација се big data односно големите податоци. **Цел на дисертацијата** е преку широки набљудувања, анкети и коментари од гости генерирани на интернет на социјалните медиуми како Booking и TripAdvisor се спроведе нивна анализа со големите податоци и со тоа се согледа важноста на дигитализацијата во хотелиерството и примената на big data во хотелското гостинско искуство.

**Методологија на истражувањето**

**Методологијата на истражувањето опфаќа цел, хипотези, методи, инструменти и техники**. Во истражувањето се поставени шест истражувачки прашања и хипотези како експериментален одговор на истражувачките прашања. Се користат два конвенционални пристапи или методи во истражувањето и тоа квантитативен и квалитативен, користење и анализа на разновидна библиографија и податоци од интернет.

Методологијата на истражувањето во оваа докторска дисертација има за цел да спроведе широки набљудувања и добие конкретни заклучоци за дигитализацијата во хотелиерството и примената на big data во хотелското гостинско искуство. Истражувањето во ова докторска теза дава увид во тоа како коментарите генерирани од гостите на туристичките пребарувачи може да бидат анализирани од напредни аналитички методи како големи податоци и со тоа да овозможат значаен увид во гостинското искуство. Увидот се состои во хотелските производи, услуги, атрибути и други активности поврзани со хотелскиот престој кои го предизвикуваат гостинското искуство, овозможувајќи им на хотелите значајна информација за тоа кои производи и услуги треба да се засилат, воведат или едноставно да ги променат или да ги повлечат. Освен ова, увидот треба да им овозможи на хотелите можност да креираат персонализирани искуства, од веќе добиеното знаење за хотелските производи, услуги, атрибути и други активности кои го сочинуваат гостинското искуство.

**Анализа на одделните делови од докторската дисертација**

Докторската дисертација со наслов **„Дигитализација во хотелиерството: Примена на big data во хотелското гостинско искуство"** од кандидатката м-р Цветанка Ристова е содржана во 6 теми (25 поттеми и 29 подзаглавија) кои се во функција на појаснување на добиените резултати и нивната научна оправданост.

Во првата тема со наслов ***Дигитализација*** кандидатката го сумира прегледот на литературата за дигитализацијата која како концепт го става клиентот во центарот, ја подобрува ефикасноста и продуктивноста на компаниите, охрабрува иновација, овозможува комуникација и ги подобрување работните услови. Понатаму, конкретен пример е даден низ хотелиерството, кое за разлика од сите други индустрии, можеби е и под најголемо влијание на дигитализацијата.

Втората тема со наслов ***Основи на big data*** ги претставува големите податоци како значајна област која нуди многу потенцијални придобивки. Големите податоци претставуваат извонреден домен со ветувачка иднина, ако кон нив се избере правилниот пристап. Во оваа тема, кандидатката претставува преглед на литературата на тема големи податоци. Ова започнува со презентација на општа позадина на темата, вклучително дефиниции и карактеристики, проследено со преглед на анализите и техниките на аналитиката на големите податоци. Различни платформи и алатки исто така се дискутирани во овој дел, нудејќи примери за потребните технологии кои ги поттикнуваат големите податоци да помогнат во донесувањето одлуки.

Третата тема со наслов ***Big data во хотелиерството*** е со фокус кон дефинирање, концепти и примена на големите податоци во хотелиерството, како и трансформација на хотелиерството со големи податоци. Кандидатката дискутира дека big data или големите податоци во хотелиерството се јавуваат како алатка која го трансформира хотелиерството во идентификување на профитабилните сегменти за гостите и можности за привлекување и генерирање на нови резервации и на нови гости кои бараат поголемо задоволство а од друга страна носат и поголеми приходи за хотелите. Во оваа тема, кандидатката користи податоци од странска литература и неколку трудови од областа на хотелиерството кои се негово авторско дело.

Четвртата тема со наслов ***Примена на big data во хотелското гостинско искуство*** покажува дека дигитализацијата промовираше брз пораст на социјалните медиуми, нудејќи обемна платформа за ширење податоци - содржина генерирана од гостите во хотелиерството. Развивањето пак на социјалните медиуми кои овозможуваат двонасочна комуникација, покрај тоа што доведе до зголемување на содржината генерирана од гостите,

доведе до создавање на голем број на податоци за гостите кои тие самите ги креираат/објавуваат. Појавата на големите податоци е паралелна со зголемувањето на бројот на податоци од содржината генерирана на гостите, јавувајќи се како единствени алатки кои може да се справат со овие податоци и извлечат вредни информации од нив. Покрај тоа, големите податоци се единствената технологија која успева да ги собере и анализира овие неструктурирани, полуструктурирани и структурирани податоци во реално време од социјалните медиуми.

Петтата тема со наслов ***Подобрување на хотелско гостинско искуство од коментарите генерирани од гостите со big data*** ги претставува главните акценти од емпириското истражување кои кандидатот ги издвојува за да ги претстави предностите на коментарите генерирани од гостите за подобрување на гостинско искуство, кои се широко потврдени во практика од страна на многу хотелиери но и од академици, бидејќи дополнително ги оптимизира хотелските операции и придонесува за зголемување на профитабилноста на самиот хотел. Бидејќи се идентификувани како неструктурирани податоци, кандидатот напоменува дека големите податоци се нивниот совршен партнер за извлекување вредни информации. Како што анализира кандидатката, многубројните техники на големите податоци веќе ја нашле својата примена во извлекување на тие вредни информации кои придонесуваат за тоа, а прегледот на литературата го покажува тоа.

Шестата тема со наслов ***Методологија на истражување*** е претставена преку студија на случај, избор на примерок, собирање на податоци, правни и етични прашања, анализа на податоците, резултати и дискусија, ограничувања и идни препораки. Во докторската дисертација на кандидатката важен емпириски дел е Методологијата на истражувањето која користи научно издржани цели, хипотези, методи, инструменти и техники. Примената на големите податоци во хотелското гостинско искуство кандидатката ја набљудува од три широки аспекти, како ставот на хотелите и резултатите што ги прават туристичките пребарувачи вреден извор на информации за гостинското искуство, вклучително и големите податоци и нивната примена.

За главни инструменти за собирање на податоци во истражувањето кандидатката користи три инструменти. Прв инструмент е анкетен прашалник со избор на примерок (испратен до сите 20 хотели со 5 ѕвезди (*) во РС Македонија, од кои 10 хотели со 5* и 10 хотели со 5 супериор ѕвезди (*). Од резултатите и дискусијата на анкетниот прашалник се извлечени и анализирани повеќе ставови и мислења на хотелите околу големите податоци и нивната примена. Во прилог на оваа наведени се повеќе нумерички пресметки, графикони и табели.

Втор инструмент кој се користи во истражувањето е анализа на содржината (анализа на 6 туристички пребарувачи за резервација: Booking, TripAdvisor, Expedia, Agoda, Hotels и Google Reviews) испитана во 7 димензии на карактеристики со свои атрибути или вкупно 48 варијабли. Анализата на содржината низ претходно генерираната шема за кодирање со димензии и атрибути (интерактивност, навигација, функционалност, маркетинг, услуга, иновација и онлајн обработка) ја утврдува комуникацијата на туристичките пребарувачи за резервација со гостите преку текст, поточно комуникацијата во искажување на гостинското искуство. Анализата всушност е насочена кон утврдување зошто туристички пребарувачи се препорачуваат како избор на примерок за целите на веб-индексирање и веб-стружење на коментарите генерирани од гостите.

Третиот инструмент кој се користи во дисертацијата е студија на случај на големи податоци со употреба на текстуална анализа: текстуално податочно рударство и сентиментална анализа во софтверската програма R. Научно издржана е обработката на податоците со текстуалното рударство и креираната матрица на документ со фреквенција на 100 збора сите поврзани во 5 теми. Од матрицата на документот издвоен е широк спектар на аспекти поврзани со гостинското искуство во хотелите како што се: суштински производ, хотелски услуги, хотелски атрибути, описи поврзани со хотелски персонал, средби со хотелски услуги, проценка на искуства, контакт на патување и можни активности. Во делот на резултати и дискусија поврзани со сентименталната анализа спаѓаат значителен број на

зборови по емоции од коментари на гостите (гнев, исчекување, гадење, страв, радост, тага, изненадување, доверба и неутрални). Анализата на коментарите на зборовите по емоции продолжува со ниска, средна и висока фреквенција на задоволство, како и зборови со позитивни и негативни емоции.

Во делот на ограничување и идни препораки, кандидатката напомнува дека со примената на големите податоци во хотелското гостинско искуство преку коментарите генерирани од гостите на туристичките пребарувачи за резервација може да се надополни и со други зборови и коментари, пример: гости по јазична група, по националност, домашни и странски гости и сл. Сето ова може да биде предмет на идни истражувања.

**Конечна оценка на докторската дисертација**

Врз основа на анализата и проверката на докторската дисертација може да се заклучи дека трудот е успешно завршен, а проблематиката од теориски аспект систематично е разработена. Кандидатката поставува исклучително важно прашање дадено преку насловот во дисертацијата и истото претставува во добиените резултати од направените истражувања, кои во докторската дисертација се јасно презентирани, систематизирани и анализирани, а целта на истражувањето е успешно реализирана.

**Резултатите** од докторската дисертација на кандидатката обезбедуваат богато, контекстуално разбирање за аспектите на големите податоци со значителен увид во една од широко проучуваните теми во хотелиерството; гостинско искуство.

**Исполнетост на законските услови за одбрана на докторската дисертација**

Кандидатката м-р Цветанка Ристова ги има објавено следниве научноистражувачки трудови:

- **Ristova Maglovska, C.** (2020). What do hotel guests really want? An analysis of online reviews using text mining. *Hotel and Tourism Management, 8*(1), 37-48.
- **Ristova Maglovska, C.**, & Dimitrov, N. (2020). The Internet of Things in a hotel context. *TISC - Tourism International Scientific Conference Vrnjačka Banja, 5*(1).
- **Ristova Maglovska, C.** (2019). Digitalization in hospitality: Big data, trend that transformed the hotel industry. *International Scientific Journal CENTRUM, 12*, 49-63. ISSN 1857-8640.
- **Ristova Maglovska, C.** (2019). How can big data contribute to the hotel's digital marketing success? In: *11th International Conference Digital Transformation of the Economy and Society: Shaping the Future*, 19-20 Oct 2019, Prilep, Republic of North Macedonia.
- **Ristova, C.**, & Angelkova, T. (2019). How are social media influencers changing the hotel industry. Can your hotel benefit from it? In: *18th International Scientific Conference - Contemporary Trends in Tourism and Hospitality "Get ready for iGeneration"*, 13 Sept 2019, Novi Sad, Serbia.
- **Ristova, C.**, Angelkova, T. & Micevski, M. (2019). Virtual tourism: New frontier for the hotel industry. In: *The 2nd International Scientific Conference "Challenges of Tourism and Business Logistics in the 21st Century*", 13 Sept 2019, Stip, Republic of North Macedonia.
- **Ristova, C.**, & Dimitrov, N. (2019). Digitalisation in the hospitality industry - trends that might shape the next stay of guests. *International Journal of Information, Business and Management, 11*(3), 144-154. ISSN 2218-046X
- **Ristova, C**., & Dimitrov, N. (2019). The value of social media as digital tool in hospitality. *International Journal of Information, Business and Management, 11*(3), 155-162. ISSN 2218-046X
- **Ristova, C.** (2019). Иновативно хотелиерство: начини на кои big data анализата се користи за создавање персонализирано искуство и зголемување на профитот. In: *Шести стручен симпозиум „Менаџментот и современите практики*", 17 May 2019, Skopje, Republic of North Macedonia.
- **Ristova, C.** (2019). Дали навистина виртуелната и аугментираната реалност имаат место во хотелскиот маркетинг? In: *Шести стручен симпозиум „Менаџментот и современите практики*", 17 May 2019, Skopje, Republic of North Macedonia.

- **Ristova, C.**, & Maglovski, A. (2018). Transforming hospitality in the digital era, factor for competitiveness in the tourist destination. In: *The 7th International Congress HOTELPLAN 2018*, 2-3 Nov 2018, Belgrade, Serbia.


## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Комисијата за оценка и одбрана на докторската дисертација „Дигитализација во хотелиерството: Примена на big data во хотелското гостинско искуство" од кандидатката м-р Цветанка Ристова донесе заклучок дека истата претставува самостојна научна работа со оригинални научни истражувања и значајни резултати.

Докторската дисертација е научен труд со оригинални сознанија, а врз основа на содржината, обемот и постигнатото ниво на квалитет ги задоволува и исполнува условите потребни за изработка на докторски труд.

Во согласност со горенаведеното, Комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на **Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 4 да ја прифати позитивната рецензија на докторската дисертација со наслов „Дигитализација во хотелиерството: Примена на big data во хотелското гостинско искуство" од кандидатката м-р Цветанка Ристова и да одобри јавна одбрана на истата.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Дејан Методијески,** вонреден професор на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, претседател, с.р.
**Д-р Златко Јаковлев,** редовен професор на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, член, с.р.
**Д-р Тања Ангелкова-Петкова**, вонреден професор на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, член, с.р.
**Д-р Никола В. Димитров,** редовен професор на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, ментор и член, с.р.
**Д-р Милена Талеска,** вонреден професор на Институт за географија при Природно-математички факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, екстерен ментор и член, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ „ПРАКТИКУМ ПО БРИТАНСКА ЛИТЕРАТУРА 3 (19 век)" ОД ПРОФЕСОР Д-Р ЕНДРУ ГУДСПИД, ВИШ ЛЕКТОР Д-Р НАТАЛИЈА ПОП ЗАРИЕВА И ВИШ ЛЕКТОР М-Р КРСТЕ ИЛИЕВ, ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр.1902-179/5 од 219. редовна седница на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет, одржана на 10.12.2020 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– **д-р Марија Кусевска,** вонреден професор на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип,
– **д-р Нина Даскаловска,** вонреден професор на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис **„ ПРАКТИКУМ ПО БРИТАНСКА ЛИТЕРАТУРА 3 (19 век)"** од **професор д-р Ендру Гудспид, виш лектор д-р Наталија Поп Зариева и виш лектор м-р Крсте Илиев,** наменет за студентите на прв циклус студии при Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Филолошки факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот со наслов „Практикум по Британска лиература 3 (19 век)" од професор д-р Ендру Гудспид, виш лектор д-р Наталија Поп Зариева и виш лектор м-р Крсте Илиев е пишуван според наставниот план и програма за предметот Британска книжевност 3 (19 век). Овој предмет се изучува како задолжителен предмет на студиите од прв циклус на студиската програма Англиски јазик и книжевност на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, во втора година, трет семестар, со неделен фонд на часови 2+2+1 и 4 ЕКТС. Предложениот ракопис е во согласност со наставната програма и во најголем обем ја опфаќа наставната материја за студиската програма за којашто е наменет.

Ракописот е наменет како дополнување на основната литература во изучувањето на наставните содржини по предметот Британска книжевност 3 (19 век). Тој содржи прашања и вежби кои ќе им помогнат на студентите полесно да ги разберат и да ги усвојат содржините од наставната програма, да формираат продлабочени знаења за книжевните дела кои се фокус на проучување, да донесуваат аргументирани заклучоци, како и да оформат сопствени мислења.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот е напишан на англиски јазик и македонски јазик, во А4 формат со нормален проред, употребен е фонт Arial и со големина на буквите 11. Текстот содржи 12 поглавја кои се однесуваат на наставните единици предвидени во наставната програма по Британска книжевност 3 (19 век), како и вежби од различен тип, на 60 страници, поделени во два дела: *Прв дел,* кој ја вклучува англиската литература од периодот на романтизмот и *Втор дел,* кој опфаќа поезија и проза од викторијанскиот период. Деловите одговараат на наставната содржината по предметот.

Обемот на ракописот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите според бројот на часови и е во согласност со Наставната програма за реализација на часовите по предметот Британска книжевност 3 (19 век). Ракописот е подготвен според критериумите и стандардите согласно со Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" - Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Практикум што обработува иста содржина за реализација на часовите по предметот Британска книжевност 3 (19 век) на УГД досега не е објавен. Ракописот претставува квалитетен труд кој е од особена важност за едукацијата на идните наставници и преведувачи по англиски јазик и претставува неопходно и значајно учебно помагало за студентите кои студираат англиски јазик и книжевност.

**Краток опис на содржината:** Ракописот во најголем дел е напишан на англиски јазик. Предговорот е напишан на македонски јазик. Вокабуларот кој се содржи во вежбите е разбирлив и приспособен на нивото на познавање на англискиот јазик за студентите од втора година - Англиски јазик и книжевност. Целта на практикумот е подетална разработка и примена на содржините од наставниот материја и сметаме дека е од особена важност за полесно совладуваое на наставната материја по предметот Британска книжевност 3 (19 век). Ракописот содржи прашања и вежби од различни видови: 1. Прашања со повеќе избори со цел да се препознае одреден книжевен поим, појава, мотив, тема или карактеристика на дадениот книжевен текст; 2. Прашања точно-грешно, со цел да се дефинира или употреби некој литературен концепт; 3. Прашања со краток есејски одговор кои поттикнуваат размислување од повисоки нивоа како анализа, синтеза и евалуација со цел да се развие способноста за критичко размислување и книжевна анализа.

Ракописот е поделен на два дела во согласност со распределбата на материјалот и периодот кој го покрива: *Прв дел* – Период на романтизам и *Втор дел* – Викторијански период. Првиот дел се состои од седум подглавја и ја опфаќа поезијата на британските романтичари: Вилијам Вордсворт, Семјуел Тејлор Колриџ, Перси Шели, Лорд Бајрон, Џон Китс, вклучувајќи го и предвесникот на Романтизмот – Вилијам Блејк. Овој дел исто така вклучува неколку прозни дела, како што се: романот на Мери Шели *Франкенштајн, или модерниот Прометеј,* расказот на Бајрон *Фрагмент од еден роман,* и романот *Вампирот* на Џон Полидори. Практикумот става акцент на идентификување на најважните карактеристики на овој избор на поезија од периодот на романтизмот, како и препознавање на тенденцијата за вклучување на натприродното, ужасното и монструозното во книжевноста во овој период. Воедно прашањата насочуваат кон размислување во однос на карактеристиките на времето како што се суеверие наспроти религија, религија наспроти рационализам, разум наспроти чувства, рурална средина наспроти брза урбанизација, природа наспроти индустријализација, како и влијанието на научните достигнувања на живеењето и нивната рефлексија во книжевноста.

Вториот дел од практикумот се состои од пет поглавја кои претставуваат избор на проза и поезија од викторијанскиот период: Божиќна песна од Чарлс Дикенс, Ч*удниот случај на д-р Џекил и г. Хајд* од Роберт Луис Стивенсон, *Сликата на Доријан Греј* од Оскар Вајлд, *Студија во црвено од Артур Конан Дојл и Војна на световите* од Херберт Џорџ Велс. Прашањата во врска со овие дела ги водат студентите кон спознание на спецификите на книжевноста од викторијанскиот период кои ја отсликуваат општествената, историската и културната опкруженост во Велика Британија во дадениот период. Прашањата се насочени кон продлабочување на сознанијата на студентите за викторијанската фасцинираност од природата на човекот преку дихотомиите добро/зло, приватен живот/јавен живот, позитивна/негативна еволуција, како и за позитивното/негативното влијание на развојот на науката. Второто поглавје вклучува и прашања на избор од викторијанска поезија од авторите: Алфред Лорд Тенисон, Роберт Браунинг, Елизабет Браунинг и Радиард Киплинг, со цел на студентите да им се помогне во толкување и анализа на истите и да се направи споредба со карактеристиките на поезијата на романтизмот.

**З А К Л У Ч О К**

Врз основа на наведените и образложени факти за содржината на ракописот со наслов „Практикум по Британска литература 3 (19 век) од проф. д-р Ендру Годспид, виш лектор д-р Наталија Поп Зариева и виш лектор м-р Крсте Илиев, Рецензентската комисија констатира дека е напишан според наставниот план и програма предвидени за предметот Британска книжевност 3 (19 век) на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Содржината на ракописот, прегледноста и организираноста на секоја глава, односно видот на прашањата и вежбите овозможуваат успешно следење и совладување на материјалот од наставната дисциплина за која е наменет.

Исто така, приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите и условите за издавање на електронска практикум според Правилникот за единствени услови за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Рецензентската комисија му предлага на **Наставно-научниот совет на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ракописот со наслов „Практикум по Британска литература 3 (19 век)“ од проф. д-р Ендру Гудспид, виш лектор д-р Наталија Поп Зариева и виш лектор м-р Крсте Илиев да го прифати за објавување како рецензиран електронски практикум.**

**Рецензенти**

**Д-р Марија Кусевска,** вонреден професор на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, с.р.
**Д-р Нина Даскаловска,** вонреден професор на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, с.р.

**П Р Е Г Л Е Д**

**на наслови на теми за изработка на докторски трудови одобрени од Наставно-научниот совет на докторски студии**

| Докторски студии - Кампус 3 | Наслов на тема | Одлука | Ментор | Студент |
|---|---|---|---|---|
| | 1. Улогата на дебелината кај монолитната литиум-дисиликатна керамика врз бојата и естетиката на протетските надоместоци – in vitro евалуација / The impact of thickness in monolitic lithium – disilicate ceramic on the color and esthetics of prosthetic restorations – in vitro evaluation | 0206-574/4 од 2.12.2020 г. | Интерен ментор – проф. д-р Ивона Ковачевска, екстерен ментор - проф. д-р Саша Станковиќ | Јулија Заркова-Атанасова |

**П Р Е Г Л Е Д**
**на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата**

| ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ | Наслов на тема | Одлука | Ментор | Студент |
|---|---|---|---|---|
| МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА | 1. Концерт за пијано и оркестар бр. 2 оп. 21 во еф – мол од Фредерик Шопен | 1402-80/4 од 18.11.2020 г. | Проф. д-р Милица Шкариќ | Петре Штерјев |
| ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ | 2. Проучување на составот на органски киселини во вина од сортата вранец со примена на капиларна електрофореза поврзана со масен детектор | 1308-222/13 од 18.11.2016 г. | Проф. д-р Виолета Иванова-Петропулос | Жанета Начева |